Бр./Nr 09 - 2624/2
16 -11- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 41-вата седница, одржано на ден 11.11.2020 година, донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2624/1 од 08.05.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси против службеното лице ----------------, директор на --------------------- согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-2624/1 од 08.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од лицето -------------- оформен е предмет број 09-2624/1 од 08.05.2019 година за неправедно и незаконито постапување на лицето -----------------, Директорот на ОУ ---------------. Понатаму во пријавата е наведено дека, именуваното службено лице е поставено на функцијата директор од страна на политичка партија. Пријавителот смета дека за директор треба да биде именувано лицето ------------------, кој е од истото село.

Поради фактот што во пријавата немаше конкретни наводи за незаконито, недозволено постапување од страна на споменатиот директор, Државната комисија се обрати до подносителот на пријавата и побара допрецизирање на истата, во однос на тоа дали во постапката за избор на директорот имало пропусти, дали наведеното лице не ги исполнило соодветните услови кои се бараат за да се именува лицето ------------------ на функцијата Диреткорот на ОУ ----------------------.

Подносителот на пријавата не достави одговор по наведените прашања, односно не ја допрецизира пријавата, по што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk